Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2-178/5

Скопје 18.03.2025

**До**

[redacted]

**Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

Министерството за внатрешни работи, врз основа на член 14, 20, 21 и 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.в. на РСМ„ бр.101/2019), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Сл.в.на РСМ„ бр.60/20), во врска со Барање од [redacted], со бр.16.1.2-178/1 од 03.02.2025 година, го донесе следното,

РЕШЕНИЕ
**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, со бр.16.1.2-178/1 од 03.02.2025 година, **<u>по извршените проверки во надлежните организациски единици и согласно податоците со кои располагаме</u>**, Ве известуваме следното:

- Вкупно 334 лица поднеле барање за признавање правно на азил. По место на поднесување 145 се во Прифатен центар за странци, 156 се на граничните премини и 33 се во полициските станици од општа надлежност.
- По држава на потекло – 1 од Албанија, 13 од Алжир, 1 од Авганистан, 1 Бангладеш. 1 Босна и Херцеговина, 23 Египет, 2 Грузија, 1 Индија, 24 Ирак, 18 Иран, 1 Камерун, 19 Кина, 1 Косово, 21 Конго, 1 Либан, 2 Либија, 48 Мароко, 9 Непал, 9 Пакистан, 7 Русија, 5 Сиера Леоне, 102 Сирија, 4 Тунис, 20 Турција (не располагаме со статистика по националност.).
- Во 2024 година 6 лица се стекнале со статус на бегалец (кои се од претходни години).
- Нема нови лица кои се стекнале со статус на супсидијарна заштита во бараниот период.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

- За 13 лица (кои поднесле барање за признавање право на азил во тековната 2024 година) донесено е решение со кое се одбива барањето за признавање право на азил.
- Во бараниот период 15 лица уживаат статус на бегалец.
- Во бараниот период 6 лица уживаат статус на супсидијарна заштита.
- Во бараниот период нема лица со прекинат статус на супсидијарна заштита.
- Во бараниот период нема лица со прекинат статус на бегалец.
- Во бараниот период нема лица кои поднесле намера за поднесување барање за признавање право на азил.
- Немаме лица за кои се донесено решение за ограничување на слободата на движење согласно член 63 од Законот за меѓународна и привремена заштита во бараниот период.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи.

По добивањето на барањето од страна на Одделот за односи со јавност и стратешки прашања беше доставено до Оддел за граѓански работи, од каде добиениот одговор му го доставуваме на барателот.

Правна поука: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

Изработил: Марија Јаковлеска
Контролирал: Гоце Андреевски

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ
**Мухамед Исмаили**